**в. Речник** ( Р. бр. 18, стр. 12, 44, 45, 60, 61, 98, 120, 211, 231, 232 и 285 ), **Аљаљооj, воденца, војна, Гушаец, кавау, Котлинци, род, Споменик, средба, Школо,**

|  |  |  |  |  |  |  | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Трпче + | Ане | Боре | Коље | Марко + | Јовица | Игор | |

# 2. Базооj

**Базооj** е **нов род** од Лешок, кои се доселени од Вратница. Родот Базооj порано го славеле **Петковден** и **Св. Никола.** Некои од потомците ја земаат славата Петковден (Благоја), а некои домашна слава ја земале Св. Никола ( Борче ). Куќата им е на југо-исток под Манастирот. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ-1 и Р. бр. 18, стр. 22 ).

Лицата од овој род гиословуваме со прекарот Дрта или Дртооj, но, ова не е името на родот.

Јас лично го знам **Стојан**, кој имаше два сина **Петко** и **Јоанче** Кироски и ќерка **Јелица**. Инаку, Стојан е син на Коце, а внук на Киро. Коце имал син Стојан и ќерка Благуња.

Благуња е мажена во Ратае со Цветан и имаат пет деца: Владо, Вељо, Славе, Павле и Коца. Владо е во Америка, Вељо остана во Ратае, Коца е мажена во Теарце.

**Јоанче Кироски** со сопругата Јованка (Јошка) од Теарце имаат син Благоја (Благо) Кироски и две ќерки Бранка и Снежана. Јошка е од фамилијата на поп Мирко Станковски, а Благоја и поп Мирко се први братучеди. Јованче работеше како кувар во Болницата за ТБЦ во Лешок.

**Благоја** (Благо) Кироски живее во Bottrop, Германија и последниве години изгради нова куќа во Лешок. Благоја од првиот брак со Славица има две ќерки Јована и Дијана, а во вториот брак сопругата Валентина му донесе ќерка Елизабета, која е мажена и има син Леон.

**Бранка** со Ратко од Стенче има два сина Драгиша и Душко. Драгиша има две ќерки Софија и Евгенија, а Душко има син Марин и ќерка Марина. **Снежана** со Зоран има синови Гаврил и Драган.

**Петко Кироски** се пресели во Ѓорче Петров, има два сина Борче и Тодор. Синовите не му ги знаев. Со Борче се запознавме преку ФБ, во октомври 2025, и разговаравме. Борче Кироски со сопругата Тања од Сливово имаат ќерка Ивона и син Филип, а Тодор Кировски има ќерка Јована. Благодарение на Благоја Кировски, во април и октомври 2025 година преку Вибер, добив податоци и фотографии за родот Базооj и за Јелица, односно калуѓерката и Егуменка Параскева.

**Јелица Кировска** (1930-2012) е родена во Лешок, ќерка на Стојан од Базооj. Јелица најпрво беше **калуѓерка** (**Параскева**) во Лешочкиот манастир. По 1967 година, кога се осамостои Македонската православна црква, заедно со другите шест калуѓерки, егуменката Меланија, ги зема со себе најпрво во Петровац на Млава, а потоа заминаа во Манастирот Горњак. По смртта на егуменката Меланија, калуѓерката Параскева е назначена за Егуменка на Манастирот Горњак. Егуменката Парскева се упокои 2012 година и е закопана во Манастирот Горњак. Од написот на гробот во Горњак, може да се види дека Јелица Кировска односно калуѓерката Параскева ја прекрстиле со српско презиме Ќировиќ Параскева, а не Параскева Кировска. Види, ( Р. бр. 22, стр. 148 - 158 и 688-733 во ТОМ- 2, Р. бр. 9, стр. 84 – 85, и Р. бр. 18, стр. 22 ). Види, и www.wikipedia.com , наслов: Сестринство /Лешочки манастир/.

Јелица Кировска е **прва калуѓерка**, од Лешок, која е назначена за **Егуменка**, а втора калуѓерка од Лешок е Трпана Ристовска од родот Љешкооj од Лешок, која е правнука на Ката, сестрата на

поп Спиро, од родот Лалошooj. Трпана, односно калуѓерка Татијана, прво беше во Побожје и од таму заминува во Горњак, каде беше и калуѓерката Јелица (Параскева) и двете лично ги знам. Види, ( Р. бр 1 и 22, стр. 97-118, 148-158 во ТОМ-1 и стр. 688-732 и посебно на стр. 728 -730 во ТОМ-2 и Р. бр. 8, стр. 83 ).
За **Јелица** С. Кировска односно **Егуменка Параскева** од родот Базооj имам запишано кратка биографија во книгата Лица од Лешок. ( Р. бр. 25, стр. 150 - 151), а биографија имам и за Трпана Д. Ристовска, односно калуѓерката Татијана од родот Љешкооj, Лешок. ( Р. бр. 25, стр. 171).
**в. Речник** ( Р. бр. 18, стр. 22, 67-68, 73, 101-102, 131, 133-134, 182, 211, 223, 267-268,), **Базооj, Дртооj, егуменка, калуѓерке, Лешок, Лешочки манастир, Параскева, Петка, род, слава, црква,**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  | |
| Параскева + | Јелица + | Јоанче + | Петко + | Благоја | Борче | Тодор | |

# 3. Бамбееј

**Бамбееј** е **нов род** од Лешок, доселени се од Рогачево. Слава на Бамбееј е **Св. Ѓорѓија**. Старите куќи беа на северо- исток од Бучејца.( Р. бр.1 и 22, стр.148- 157 во ТОМ-1 и Р. бр. 18, стр. 23 ).
Јас го знам дедо Трпко, кој има три сина: Боре, Душан и Благоја ( Блаже) и три ќерки: Горица (Гора), Роса и Ана. Од овој род повеќе ги знам браќата Душан и Боре Јанушевски, кои живееја во Лешок и ги викавме со прекарот Бамба.
**Душан Јанушевски** има два сина Перо и Бошко, кои имаат куќи во Лешок. Душан беше познат фурнаџија во Сараево, а неговиот занает го наследи синот Бошко, кој има пекара во Скопје.
**Перо** Јанушевски има син Бранислав (Бране) и ќерка Наташа. Бране со Силвана од Брвенце имаат три деца: Петар, Павел и Симон. Наташа со Горан од Јегуновце имаат два сина Среќко и Давид. Перо изгради нова куќа во Кадриино и пред неколку години почина.
**Бошко** Јанушевски остана во старата куќа, а изгради и нова. Бошко со сопругата Тодорка од родот Љешникооj од Теарце имаат два сина Благоја и Душко. Благоја со сопругата Елена од Скопје имаат син Теодор. Душко со сопругата Виолета од Јегуновце имаат син Божидар и ќерка Даниела. Со Бошко заедно учевме во осмо одделение во Теарце. Бошко е многу вреден, комуникативен, позитивен, правичен и секогаш има добар, ведар и насмеан дух. Благодарение на љубезноста и меморијата на Тодорка, сопругата на Бошко, за лицата од родот Бабмбееј, книгава е посодржајна.
**Боре Јанушевски** има куќа лево под Бучејца. Аџо Боре Бамба беше касап во Лешок, заедно со Боре- Касапот од Долно маало и со Сандро Тарзан од Тенеќе маало. **Боре** Јанушевски има син Љубе и ќерка Митра.
**Љубе** Јанушевски има син Борче и ќерка Весна. Борче со сопругата Ирена од Јегуновце имаат две ќерки Ана и Јана, а Весна со Панче од Бутел, Скопје има син Андре. Љубе е една генерација после мојата, а Митра е една генерација пред мене и заедно учевме осмо одделение во Теарце. **Митра** е омажена за Симе од Волковија и има две ќерки: Светлана и Ленче. Светлана со Драган од Рашка, Србија имаат два сина Бојан и Стефан и Ленче со Мирко Видоевски од Тетово имаат син Игор. Митра пред некоја година почина. Види, ( Р. бр. 12 и 14, стр. 151-155 и стр, 161-193 ).
**Блаже Јанушевски** се сели во Скопје и има син Мирче и ќерка Нада.